Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
MINISTRIA E DREJTËSISË
Бр./Nr. 08-854/1
28-03-2025 20
Скопје/Shkup

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА |
| Назив на предлогот на закон: | ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА СУДСКА СЛУЖБА |
| Одговорно лице и контакт информации: | Катерина Гичев, посебен советник<br>Контакт: kgichev@justice.gov |
| Вид на Извештај | ☒Нацрт<br>☐Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☒Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☐НПАА<br>☐Заклучок на Владата на Република Македонија<br>☐Друго ___ |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☒Да<br>☐Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | 28.03.2025 година |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за јавна администрација: | 28.03.2025 година |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | Мај 2025 |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### *1.1 Опис на состојбите*

Обезбедувањето на независноста на судството е еден од круцијалните услови за да се оствари темелната вредност владеење на правото определена во членот 8 од Уставот на Република Северна Македонија. За да се постигне ова уставно барање развиени се повеќе меѓународни стандарди кои го овозможуваат постигнувањето на оваа цел.

За да може судството да одговори ефективно на барањето за пристап на граѓаните до судовите и да овозможи квалиететна услуга за фер и правично судење во разумен рок државата треба да гарантира и овозможи услови за квалитетна судска служба која ќе одговори на стандардите и со својата одговорна работа ќе помогне на судијата и судот целокупно во извршувањето на правораздавањето.

Министерството за правда ја подготви Развојната секторска стратегија за правосудство 2024-2028 година со Акциски план 2024-2028 година (во натамошниот текст: Стратегијата) усвоена од страна на Владата на Република Северна Македонија во декември 2023 година која идентификува пет клучни приоритетни области.

Првата приоритетна област СУДСТВО И ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ВО СОГЛАСНОСТ СО СТАНДАРДИТЕ НА ЕУ утврдува дека една од клучните мерки за остварување на независноста е обезбедувањето на неопходни ресурси за функционирање на судството.

### *1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување*

Во Стратегијата и Акцискиот план предвидена е Посебната цел 1.1 Зајакнување на независноста и непристрасноста на судството и самостојноста на јавното обвинителство.

Мерките планирани за спроведување на оваа цел се насочени кон понатамошно зајакнување на институционалните и финансиските гаранции за независност на судството како и самостојност на јавното обвинителство.

Мерката 1.1.3 предвидува изземање на судските и јавно обвинителските службеници од статусот на административни службеници, а показател на ниво на резултат се донесени законски измени со кои судските и јавно обвинителските службеници не се сметаат повеќе за административни службеници.

Активноста 1.1.3-1 од Акцискиот план на Стратегијата предвидува Изработка на предлог закони за измена и дополнување на законите за адмиинистративните службеници, судската служба и за јавно обвинителската служба кои треба да бидат подготвени во Рок: III квартал 2024 - IV квартал 2024.

Во октомври 2024 година во Министерството за правда беше формирана работна група за Законот за судска служба со широк состав на претставници од вработените во судската служба во судовите во Република Северна Македонија, судски администратори од повеќе судови, раководни и стручни судски службеници, судската полиција, претставници од Судскиот буџетски совет, професор по административно право од правен факултет, Министерство за јавна администрација, Министерството за правда како и претставници од различни синдикати за правата и обврските на судската служба.

Работната група пристапи кон инкорпорирање на препораките од повеќе домашни и меѓународни извештаи и документи кои се однесуваат на потребата за унапредување на статусот на судската служба, особено во делот на препораките од Стратегијата, Стратегијата за човечки ресурси во судската служба, препораките од Реформската Агенда во делот на платите и други забелешки.

Со цел да се постигне мерката 1.1.3. односно судските службеници да не бидат дел од административните службеници, Работната група подготви посебен закон со кој целосно се уредува статусот на судската служба. Сепак, во декември 2024 на ЕНЕР беа објавени нацртите на нов Закон за административни службеници и нов Закон за вработени во јавниот сектор, со кои судската и јавно-обвинителската служба и понатаму се предвидени како дел од административната служба и се во спротивност со целите на Стратегијата кои имаат за цел институционалната независност на судовите и јавните обвинителства при процесот на вработување.

Претставниците од Министерството за јавна администрација укажаа за нивните предложени закони подготвени согласно Реформата за јавна администрација.

Претставникот од академската заедница укажа на проблемите со регулирање на права од работен однос во повеќе закони што создава правна несигурност и различно регулирање на исти права од работен однос во различни закони, што доведува до непотребно оптоварување на законите.

Работната група смета дека единствено на овој начин може да се регулираат правата и статусот на судската служба, која како посебна служба на судската власт мора да биде издвоена од другите служби на извршната и законодавната власт.

## 2. Цели на предлог регулативата

Предлог-законот е целосно изработен со учество на претставници на вработените во судската служба во рамки на работната група, врз основа на нивните барања. Во предлогот-текстот на законот се инкорпорирани сите барања, потреби и иницијативи на судската служба кои во текот на последните години биле истакнувани, а со цел регулирање на посебениот статус на судската служба.

## 3. Можни решенија (опции)

### *3.1 Опис на решението „не прави ништо“*

*Доколку Владата на Република Северна Македонија не го донесе предлог-законот ќе остане непостапено по забелешките за уредување на статусот на судската служба со посебен закон.*

### *3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

*Владата на Република Северна Македонија по разгледувањето на предложениот текст на законот да го усвои и да пристапи кон реализација на мерки и активности од Стратегијата и Акцискиот план и Реформската Агенда, како и Стратегијата за човечки ресурси во судството.*

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

*Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:*

### *4.1 Економски влијанија*

### *4.2 Фискални влијанија*

*Законот ќе предизвика фискални импликации со оглед на тоа што се предвидува зголемување на платата на вработените во судската служба, најниската плата на вработен во судски службеник е предвидена да биде на ниво на просечната месечна нето исплатена плата. Исто така за сите вработени во судската служба предвидени се додатоци на плата, како што е додаток на плата за постоење на висок ризик и доверливост во висина од 15% од износот на основната бруто плата.*

### *4.3 Социјални влијанија*

*4.4 Влијанија врз животната средина*

*4.5 Административни влијанија и трошоци –*

*а) трошоци за спроведување*

*б)трошоци за почитување на регулативата*

## 5. Консултации

*5.1 Засегнати страни и начин на вклучување*

*При изработка на Предлог законот во работната група како засегнати страни учествуваа претставници на вработените во судската служба, администратори од сите степени на судовите, судски службеници, како и претставници од повеќе синдикати: Врховен суд, Апелационен суд Скопје, Апелационен суд Гостивар, Апелационен суд Штип, Апелационен Битола, Управен суд, Основен кривичен суд Скопје,Основен граѓански суд Скопје, Совет на судска служба, Здружение на судска администрација, Независен синдикат на државна администрација , Независен синдикат на судска полиција, претставник на Судски буџетски совет, претставници од судска полиција - Командант на судска полиција Врховен суд и претставник од синдикат на судска полиција, претставници на Министерството за јавна администрација и Министерството за правда и претставник од академската фела.*

*Во однос на одредбите од Предлог-законот кои ги регулираат платите, надоместоците и додатоците на плата во судската служба, работната група пристапи кон разгледување на предложеното решение за пресметка на плати во објавените текстови на Предлог законот за административни службеници и Предлог Закон за вработените во јавен сектор од декември 2024 година достапни на ЕНЕР , прилагодени за судската служба.*

*Министерството за финансии, по доставено барање од работната група за учество на претставник на состанок на работната група, не номинираше свој претставник кој би се произнел за предвидените коефициенти за платите на вработените во судската служба .*

*Во текот на постапката за консултации, предлог-законот ќе биде објавен на ЕНЕР и доставен до надлежни институции на разгледување заради добивање на мислења и забелешки.*

*5.2 Преглед на добиените и вградените мислења*

*5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто*

## 6. Заклучоци и препорачано решение

*6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

*6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*

*6.3 Препорачано решение со образложение*

*Предлог-законот за судска служба е посебен закон со кој се уредува статусот на судската служба.*
*Во објавениот закон на ЕНЕР дадено е образложение за предлог одредбите на законот.*

## 7. Спроведување на препорачаното решение

*7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области.*

*Потребно е усогласување со Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор.*

*7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување*

*Потребно е донесување на подзаконски акти предвидени со Предлог законот во рок од 6 месеци од влегувањето во сила на законот.*

*7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување*

*Сите судови во Република Северна Македонија, Министерство за правда, Министерство за јавна администрација, Министерство за дигитална трансформација, Министерство за финансии, Судски буџетски совет.*

*7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон*

8. Следење и евалуација

*8.1 Начин на следење на спроведувањето преку годишни извештаи на судовите за ефикасна работа на судот.*

*8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови*

Изјава од министерот за правда

Во оваа фаза Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен и дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.

Датум:

..................................................

__________________

потпис на министер